**До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на 01.12.2025 година поднесено е препраќање на дел од Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, Во врска со наведеното барање во кое барателот бара да му се достават информации во врска со трошоци на сите министри во период од август 2024 до август 2025 година, но и за периодот 2018 – 2024 година**, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го известува барателот:

- Трошоците за гориво се покриени од страна на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ
- Трошоците за телефонски услуги се во согласност со Упатството за користење на службени мобилни телефони во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, соодветно за секоја година, месечен износ 2.870,оо денари во 2025 година, 2.350,оо денари во 2024, 2023 и 2022 година, 2.740,оо денари во 2021,2020, 2019, 2018 и 2017 година.
- Патни трошоци за Министрите не се исплаќани
- Трошоци за репрезентација : за 2018 година 294.780,00 денари, за 2019 година 165.739,00 денари, 2022 година 137.980,00 денари, 2023 година 423.660,00 денари, 2024 година 47.168,00 денари и 2025 година до месец август 132.797,00 денари. Поради извршен хакерски напад на нашиот систем во 2022 година, се изгубени податоци и не располагаме со податоците од 2020 и 2021 година

**До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на 21.02.2025 година поднесено е Барање за слободен пристап до информации Во врска со наведеното барање во кое барателот бара да му се достават следните информации, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го известува барателот:**

1. Број на избрани и именувани лица до ден 31.12.2024 година : 5
2. Вкупен износ на исплатени надоместоци и други примања на избрани и именувани лица во институцијата – 1.775.851,00 денари
3. Број на вработени кои оствариле право на варијабилен дел од плата, по месеци:
    - За месец 07/2024 година вкупно 322 лица оствариле право на варијабилен дел од плата
    - За месец 08/2024 година 320 лица
    - За месец 09/2024 година 320 лица
    - За месец 10/2024 година 320 лица
    - За месец 11/2024 година 311 лица и

- За месец 12/2024 година 321 лица.

4. Вкупен износ на исплатениот варијабилен дел од плата на вработените во периодот од 01.07.2024 до 31.12.2024 година: 14.329.575,00 денари- по месеци:
    - За месец 07/2024 година вкупно 1.640.941,00 денари
    - За месец 08/2024 година вкупно 2.336.793,00 денари
    - За месец 09/2024 година вкупно 2.625.042,00 денари
    - За месец 10/2024 година вкупно 2.793.069,00 денари
    - За месец 11/2024 година вкупно 2.143.587,00 денари и
    - За месец 12/2024 година вкупно 2.790.143,00 денари.
5. Вкупен износ на исплатени средства за прекувремена работа во периодот од 01.07.2024 до 31.12.2024 година: 2.106.116,00 денари.
6. Број на вработени на кои им се исплатени средства за извршување прекувремена работа во периодот од 01.07.2024 до 31.12.2024 година:
    - За месец 07/2024 година 24 вработени.
    - За месец 08/2024 година 46 вработени
    - За месец 09/2024 година 74 вработени
    - За месец 10/2024 година 80 вработени
    - За месец 11/2024 година 89 вработени
    - За месец 12/2024 година 98 вработени
7. Вкупен износ на исплатени средства за неискористен одмор на вработените - нема
8. Вкупен број на вработени што се дел од синдикатот/ите и на кои им се задржува дел од плата за синдикална членарина: За месец декември 2024 година број на вработени членови на:
    - Синдикат на УПОЗ 236,
    - Грантски полициски синдикат 293
    - Синдикат на администрација и државна управа на Македонија- САДУ 12 членови

    и износ на задржаниот дел на ниво на институција на годишно ниво: за 2024 година вкупно 1.626.956,00 денари.

**До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден 08.10.2025 година е поднесено Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое се бараат следните информации за постапката за јавна набавка и монтажа на интегриран систем за видео надзор и контрола на пристап за потребите на МЗШВ:**

- Одлука за јавна набавка;

- Записник од отварање на понудите;
- Записник од спроведен технички дијалог;
- Пристигнати понуди или пријави за учество;
- Извештај за извршена евалуација;
- Извештај за спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка;
- Одлука за избор на најповолна понуда;
- Извештај од спроведена е-аукција;
- Потпишан договор за јавна набавка;
- Записник со инструкции добиени од Бирото за јавни набавки доколку постапката била предмет на управна контрола.

Бараните информации , барателот ги добива во електронска форма на е-маил

**До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на 03.06.2025 година поднесено е Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Со наведеното барање барателот бара да му се достават информации за поединечно доделени средства преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до крајните корисници – невладини организации, односно здруженија и фондации во текот на 2024 година.**

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, го известува барателот дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство нема доделено средства на невладини организации, односно здруженија и фондации во текот на 2024 година.

**До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на 02.06.2025 година поднесено е Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Со наведеното барање барателот бара да му се достават информации за Обуки за јавни набавки на кои присуствувале вработени од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во периодот од 01.01.2023 до 31.05.2025г. Бараните информации барателот бара да му се достават на е-маил адреса.**

Врз основа на поднесеното барање за пристап до информациите од јавен карактер Во прилог ги доставуваме бараните информации односно одговори:

1. Од 04 октомври 2023 година до 07 октомври 2023 година, во Истанбул, Турција, обука од обалста на јавните набавки на тема НАЈДОБРА ВРЕДНОСТ ЗА ПАРИТЕ – КАКО ДО НАЈДОБРИОТ ПОНУДУВАЧ СО НАЈПОВОЛНА ПОНУДА“, на обуката присуствуваа 2 лица - Цената за аранжманот по лице изнесува 27.700,00 денари за сместување во двокреветна соба. Организатор: Друштво за едукација, консалтинг и други интелектуални услуги Симпозион Скопје.

2. На 25.09.2024 година во Хотел Холидеј ин Скопје. Тема: Нова online платформа и нови обрасци (eForms in Public Procurement) за Објавување на огласите за јавни набавки и известувањата за склучен договор во Службеното гласило на ЕУ(TED)” Дополнителна сесија: Практичен приказ на новата подобрена верзија на е-Пазарот за набавки од мала вредност и сесија за прашања и одговори” . Цената за учество на обуката изнесува 5.400,00 денари без ДДВ за еден учесник. На обуката присуствуваше 1 лице. Организатор Друштво за консултантски услуги АЦТ! ДОО Скопје

3. На 27.03.2025 година во Хотел Холидеј ин Скопје. Тема - ЧЕКОР НАПРЕД ВО ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ: - Нови технологии и иновативни алатки на ЕСЈН за поедноставување и намалување на грешките при подготовка на огласот и тендерската документација, поголема прегледност на финансиските понуди и напредна анализа на податоците. Дополнителна сесија: Претставување и дискусија за последните Измени на Законот за јавните набавки. Цената за учество на обуката изнесува 5.700 МКД + 18% ДДВ за еден учесник. На обуката присуствуваше 1 лице Организатор Друштво за консултантски услуги АЦТ! ДОО Скопје

4. Од 29 – 31 Мај 2025 година во Лептокарија Грција на тема - Како до успешни јавни набавки – најважни чекори за набавки без грешки. Цената за аранжманот по лице изнесува 27.900,00 денари за сместување во еднокреветна соба. На обуката присуствуваа две лица. Организатор Primal Edu Center

Согласно податоците со кои располагам  на обуките биле 1 до 2 лица.

**До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на 19.05.2025 година поднесено е Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер Со наведеното барање барателот бара да му се достават информации за тоа Колку синдикати постојат во МЗШВ и за колку вработени на секој синдикат поединечно се прават задршки на име месечна членарина од платата моментално**. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го известува барателот дека моментално постојат три синдикати и тоа: Синдикат на администрација и државна управа на Македонија – (САДУ), Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани –(Синдикат на УПОЗ), и Грантски полициски синдикат.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има направено задршки на име месечна синикална членарина од платата за месец април 2025 година поединечно: за 354 членови на САДУ, 320 членови на Синдикатот на УПОЗ и 280 членови на Грантскиот полициски синдикат.

**До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на 27.02.2025 година поднесено е Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.**

**Со наведеното барање барателот бара да му се достават информации за тоа Колку синдикати постојат во МЗШВ и за колку вработени на секој синдикат поединечно Министерството има направено задршки на име месечна членарина од платата за месец Јануари 2025 година.**

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го известува барателот дека моментално постојат три синдикати и тоа: Синдикат на администрација и државна управа на Македонија – (САДУ), Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани –(Синдикат на УПОЗ), и Грантски полициски синдикат.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има направено задршки на име месечна синикална членарина од платата за месец Јануари 2025 година поединечно: за 23 членови на САДУ, 324 членови на Синдикатот на УПОЗ и 288 членови на Грантскиот полициски синдикат.